20262714902

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 88 став (9) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25, 135/25 и 172/26), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, РОКОТ НА ВАЖНОСТА НА ОВЛАСТУВАЊЕТО СПОРЕД ТИПОТ И КОМПЛЕКСНОСТА НА ПОЕДИНЕЧНИ ОБЈЕКТИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОВЛАСТУВАЊЕТО, КАКО И НАЧИНОТ ЗА НЕГОВО ИЗДАВАЊЕ И УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ, ВРАЌАЊЕТО И НАПЛАТА НА ГАРАНЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината на барањето за издавање на овластување, потребната документација, рокот на важноста на овластувањето според типот и комплексноста на поединечни објекти и формата и содржината на овластувањето, како и начинот за негово издавање и условите и начинот на доставување, враќањето и наплата на гаранцијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/25), во членот 3 точката 2 се менува и гласи:

„Ревидиран основен проект за изградба на енергетскиот објект, како и целокупната проектна документација согласно која било издадено одобрение за градење односно решение за поставување на опрема за соодветниот енергетски објект, согласно прописите од областа на градењето, а особено:

- архитектонски или градежен проект;
- проект за електрична инсталација и опрема и
- елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„(1) Овластувањето за изградба на енергетски објекти во зависност од типот и комплексноста на поединечни објекти односно проектот се издава со следниве рокови на важност:

1. За фотонапонски електро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години;
2. За ветерни електро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 6 години;
3. За проточни хидро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 6 години;
4. За акумулациони хидро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;
5. За реверзибилни хидро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 11 години;
6. За реверзибилни хидро централи со затворен циклус од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 15 години;

7. За биогасни електро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;

8. За електро централи на биомаса од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;

9. За геотермални електро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;

10. За термо електро централи на цврсто гориво од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 11 години;

11. За гасни електро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;

12. За високоефикасни Гасни когенеративни електро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;

13. За гасни когенеративни електро централи од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;

14. За високоефикасни когенеративни електро централи на водородно гориво од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години;

15. За електро централи со експериментална технологија од и над 1 MW, рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

16. Складишта за електрична енергија:

- самостојно складиште на електрична енергија од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години,

- интегрирано складиште на електрична енергија од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти согласно рокот важење на овластувањето на енергетскиот објект во кој се интегрира складиштето.

(2) Овластувањето од ставот (1) на овој член се издава за инсталираната моќност на енергетскиот објект за која е поднесено барањето од страна на заинтересираниот инвеститор, при што збирот на инсталираните моќности на поединечните делови од енергетскиот објект кои претставуваат техничка и функционална целина треба да е во рамките на предвидената инсталираната моќност наведена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти, за тој објект.

(3) Кога овластувањето за складиштето од ставот (1) точка 16 алинеја 2 на овој член се издава за складиште кое се интегрира во електроцентрала за која е претходно издадено овластување, рокот на важност на овластувањето за складиштето не може да биде подолг од преостанатиот рок на важност на овластувањето за електроцентралата, а доколку овластувањето за интегрираното складиште се издава истовремено со овластувањето за електроцентралата, рокот на важност на овластувањето за складиштето не може да биде подолг од рокот на важност на овластувањето за електроцентралата.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, овластувањето може да се издаде за подолг рок на важност од утврдениот во ставот (1) на овој член, во рамките на рокот утврден со Законот за енергетика (*), врз основа на поднесено барање до Министерството најдоцна 60 дена пред истекот на рокот на важноста на овластувањето, доколку изградбата на енергетскиот објект не е завршена и не е отпочната фазата на функционални испитувања, а носителот на овластувањето ги исполнува обврските утврдени со овластувањето, особено обврските и роковите од планот за реализација и може да се утврди дека изградбата на енергетскиот објект и фазата на функционални испитувања ќе заврши во променетиот рок на важноста на овластувањето, но не повеќе од 1/3 од периодот на важноста на овластувањето од ставот (1) на овој член.

(5) Со барањето од ставот (4) на овој член носителот на овластувањето доставува:

1. Овластувањето кое било издадено за изградба на енергетскиот објект, за кое се бара изменет рок на важност согласно ставот (4) на овој член;

2. Извештај за степенот на реализација на енергетскиот објект;

3. Ажуриран план за реализација на енергетскиот објект со определени фази и рокови за нивна реализација;

4. Банкарска гаранција, чиј рок на важење не може да биде пократок од рокот за кој се бара изменет рок на важност на овластувањето и

5. Образложение за причините поради кои не е реализиран енергетскиот објект во рокот определен со овластувањето.

(6) Комисијата при одлучувањето по барањето од ставот (4) на овој член особено ги зема предвид степенот на реализација на енергетскиот објект, причините за доцнењето, преземените активности од страна на носителот на овластувањето, исполнувањето на обврските од планот за реализација и постоењето на оправдани околности за продолжување на рокот.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (4) на овој член се дадени во Прилог 1 на овој правилник.“.

Член 3

Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2 кои се составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Министер за енергетика,
рударство и минерални
суровини,
Сања Божиновска, с.р.

Бр. 02-12308/3
18 ноември 2026 година
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

1. Податоци за Подносителот на барањето:

Име и презиме/ Назив:	
Адреса/ Седиште:	
МБ/ЕМБС:	
Е-пошта:	

2. Лице за контакт определено од Подносителот:

Име и презиме:	
Телефон:	
Е-пошта :	

Приемен печат на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

3. Податоци за Енергетскиот објект: Годишен план_____, табела_____ и реден број_____

4. Потребна документација (означете ги документите што се поднесуваат во прилог на барањето)

☐ Одобрение за градење или решение за изведување на градба, односно поставување на опрема за која не е потребно одобрение за градење.

☐ Ревидиран основен проект за изградба на енергетскиот објект, или за поставување на складишта на електрична енергија со цела пропратна електро-техничка документација.

☐ Известување од Министерството дека изградбата на енергетскиот објект е дел од Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

☐ Банкарска гаранција издадена во корист на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

☐ Овластувањето кое било издадено за изградба на енергетскиот објект, за кое се бара изменет рок на важност.

☐ Извештај за степенот на реализација на енергетскиот објект.

☐ Ажуриран план за реализација на енергетскиот објект со определени фази и рокови за нивна реализација.

☐ Образложение за причините поради кои не е реализиран енергетскиот објект во рокот определен со овластувањето.

5. Инсталирана моќност на енергетскиот објект, кој содржи:

Тип:		
Номинална моќност (производител):		(MW)
Номинална моќност (потрошувач):		(MW)
Складиште на електрична енергија (моќност):		(MW)
Складиште на електрична енергија (капацитет):		(MWh)

6. Дали наведената моќност на Складиштето на електрична енергија е интегрирана компонента на електроцентрала или независен енергетски објект:

☐ ДА

☐ НЕ

7. Локација на објектот

Општина	Катастарска Општина	Катастарска Парцела	Површина (m^2)

НАПОМЕНА:

* документ издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, се смета за оригинал

ЗАБЕЛЕШКА_____

_____

Датум:	М.П	**Овластено лице** (потпис)

Прилог 2

Врз основа на член 88 став (1) од Законот за енергетика (*), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, издава

О В Л А С Т У В А Њ Е

ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТ

_____

(број на овластување)

Се издава овластување за изградба на енергетски објект на носителот на овластувањето (инвеститор)_____,со седиште _____ и ЕМБС _____, за изградба на енергетскиот објект _____ , тип на објектот _____ кој ќе се гради на локација _____, со инсталирана моќност____MW и капацитет_____MWh, за намена _____.

Овластувањето за изградба на енергетскиот објект се издава со рок на важност од _____ години.

Рок за градење на енергетскиот објект се определува до _____ година.

Енергетскиот објект за кој се издава овластувањето е вклучен во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за _____ година.

Скопје _____
место и датум на издавање на овластување

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Инвеститорот _____ (назив на инвеститорот) поднесе барање за издавање овластување за изградба на енергетски објект од типот _____ со инсталирана моќност од ____ MW на локација _____.

По разгледување на поднесената документација, вклучувајќи го одобрението за градење/решението за изведување на градба бр._____ од_____ и основниот план за реализација на енергетскиот објект, Комисијата за доделување на овластување за изградба на електроенергетски објекти утврди дека се исполнети сите услови пропишани со Законот за енергетика (*) и Правилникот за формата, содржината на барањето за издавање на овластување, потребната документација, рокот на важноста на овластувањето според типот и комплексноста на поединечни објекти и формата и содржината на овластувањето, како и начинот за негово издавање и условите и начинот на доставување, враќањето и наплата на гаранцијата.

Врз основа на утврдената фактичка состојба и правните прописи, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини одлучи да го издаде ова овластување.

МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

_____